РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2796/1

Скопје 07.07.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 6-ти јули 2020** година.

Во него Ве информираме дека Агенцијата преку соопштение за јавност ги потсети радиодифузерите на правилата при објавување резултати од испитувања на јавното мислење во врска со Предвремените парламентарни избори 2020.

Во соопштението беше посочено дека резултатите од испитувања на јавното мислење можат да ги објавуваат најдоцна до 24 часот на 9 јули 2020 година, додека резултатите од анкетите спроведени на самиот ден на изборите да не ги објавуваат пред затворањето на избирачките места.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

---

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**